SOUTH EASTERN EUROPE

## *ПОЛИТИКА ЗА СИГУРНОСТ НА ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ*

Компанијата АССЕКО СЕЕ Дооел Скопје има за цел да обезбеди сигурност на информативниот систем преку исполнување на следните критериуми:

- **Доверливост**. Системот е достапен само за авторизираните корисници кои имаат овластен пристап до него;
- **Интегритет**. Системот обезбедува заштита на неговите елементи, како и заштита на точноста и комплетноста на податоците во него;
- **Расположливост**. Системот обезбедува непречен пристап до информативниот систем за овластените корисници.

Со имплементирањето на системот за управување со сигурноста на информативниот систем согласно стандардот ИСО 27001:2005, се обезбедува заштита на информативните добра од различни видови на закани, интерни или екстерни, намерни или случајни.

Системот за управување со сигурноста на информативниот систем поаѓа од исполнувањето на регулаторните и законски барања, како и барањата за сигурност дефинирани во деловните договори со клиентите, а се заснова на:

- имплементирање на процедури за превентивна заштита, како и реактивна заштита за откривање на сигурносни настани и превземање соодветни мерки за разрешување на истите
- имплементирање на процес за управување со ризиците кој вклучува дефинирана методологија за континуирано идентификување на ризиците, анализа и евалуација на нивните последици согласно утврдени критериуми, како и дефинирање на начините за намалување на ризиците и нивните последици
- изработка, одржување и тестирање на планот за континуитет на деловните процеси
- континуирана обука за сигурност на информациите за сите вработени во компанијата

Офицерот за сигурност е одговорен за одржување на политиката за сигурност на информативниот систем, обезбедување поддршка и насоки за нејзино спроведување.

Менаџерите во компанијата се директно одговорни за спроведување и работење во склад со политиката за сигурност од страна на вработените во своите сектори.

Одговорност на секој вработен е да постапува во согласност со Политиката за сигурност на информативниот систем.

Мај, 2011 година

Управител
Славчо Ангеловски

АССЕКО СЕЕ ДООЕЛ Скопје